# ЦИТИРАЊЕ НА НАУЧНА ЛИТЕРАТУРА

**Проф. д-р Љубица Георгиевска-Исмаил**

Цитирањето на научната литература се изведува во рамките на текстот на научниот труд, секогаш кога авторот-ите се споменува-ат или цитира-ат, а потоа на крајот на трудот следи *библиографија* или *референци* што претставува список на сите извори користени во изготвувањето на научниот труд. Во библиографијата овие извори се нарекуваат референци (одредници).[1]

Зошто се потребни рефереци? Тие се неопходни за да се избегне плагијаторството и да им овозможат на читателите да ги следат и прочитаат аргументите на авторот покомплетно.

Зборот *библиографија* потекнува од старогрчки зборови и значи *впишува, запишува книги.* Библиографијата покрај книги вклучува и објавени стручни трудови, публикации, статии, Интернет страници и други материјали.

Составувањето на библиографијата бара од авторот трпение, точност, прецизност, совесност. Библиографија којашто е исцрпна, точна и направена врз научни критериуми има сама за себе научна вредност. Таа истовремено претставува и одраз на научниот капацитет на самиот автор.[2]

Изворите цитирани во библиографијата добиваат форма на референци (одредници). Референците се цитираат различно што зависи од тоа за каков извор се работи (книга, извадок од списание, Интернет страница и т.н.).

Во цитирањето на референците и оформувањето на библиографијата, односно одредниците, може да се користат различни стилови: **APA** (*American Psychological Association*), **MLA** (*Modern Language Association*), **CMS** (*The Chicago Manual of Style*), **Turabian** (Kate Turabian го адаптирала и модификувала CMS стилот за студенти во *A Manual for Writers of Term Papers, Theses, and Dissertations*), и **Harvard System** - претставува модификација на APA стилот, **CBE** (Council of Biology Editors) кој опишува два системи: the "citation-sequence" system, и the

---

[1] Референца е англиска транскрипција на зборот "refer" што значи:" direction to a book or passage" (упатување кон книга или извадок-одредница)

[2] Рајнберг : " Списокот на литературата во дисертацијата ја отсликува, како во огледало, општата култура на авторот, неговиот однос према науката и према работатата, неговото чувство на одговорност, а особено неговата трудољубивост, грижа, точност и т.н. Кажете ми каков е библиографскиот каталог (список) во дисертацијата, па ќе ви кажам како нејзиниот автор се однесува према своите научно-литературни должности..." (Преземено од Шамиќ М. Како настаје научно дело. Сарајево, 1988, стр.96-97)

"name-year" system, **Vancouver Style** - претставува "citation-sequence" систем којшто се користи во биомедицински списанија и е прифатен од International Committee of Medical Journal Editors .

Во медицината се користи CBE стилот, односно CSE системот (Citation-Sequence System). Но, секогаш, во едно научно дело треба да се користи само еден стил којшто точно ја определува формата на референцата (одредницата) во зависност од тоа за каков извор се работи.

## Цитирање на извори по CSE системот

Во CSE системот, цитирањето на изворите во рамки на текстот се обележува со броеви во superscript формат коишто одговараат на бројот на референцата (одредницата) во листата на референци (библиографија) на крајот на текстот. Во некои случаи ако броевите не можат да се стават во формат, тогаш се одбележуваат во загради. Цитираните референци се обележуваат со броеви по редослед на нивното јавување. Првата референца цитирана во текстот е [1], другата [2], и т.н. Ако истата референца се споменува во текстот повеќепати, таа секогаш се појавува со истиот број. Ако се цитираат повеќе референци во истовреме, се наведуваат сите броеви во низ ( [1, 23, 27, 29] ) (Табела 2).

**Табела 2.** Пример на цитирање на референци во рамки на текстот по CSE системот

| *Кога треба...* | *Вака треба да се направи:* | *Пример* |
|---|---|---|
| Цитирање на повеќе референци | Користи запирки меѓу броевите без празнина<br><br>Ако има повеќе од два броја во низ користи "тире" меѓу броевите | Several studies [3, 4, 7, 9-12] have arrived at this same conclusion... |
| Цитирање на една референца повеќепати | Користи го истиот број | |
| Цитирање на референци во табели и фигури | Користи ги броевите по ред на појавување, откако е завршено цитирањето во текстот | |

## Оформување на библиографија

Библиографијата се сместува на крајот од трудот, а насловот ("Библиографија"; "Референци"; "Цитирана литература") се сместува влево, веднаш на левата маргина од листот хартија (поретко, насловот се наоѓа на средина). Насловот може да биде напишан во болд, може да биде подвлечен, во италика или да е напишан со големи букви.

Во библиографијата референците се подредуваат по бројчан ред и одговараат на броевите со коишто се нумерирани референците во текстот, по точен редослед на нивното јавување во текстот.

Постојат три варијации на започнување на внес на секоја библиографска единица: 1) Броевите и сите линии може да започнуваат од крајот на левата маргина; 2) Броевите да бидат на левата маргина, а текстот да започнува лесно вовлечен; и 3) Броевите и првата линија да бидат вовлечени, а секој дополнителен ред за таа единица да биде на левата маргина.

Сите внесувања во библиографијата треба да бидат без проред со помал фонт од оној којшто е употребен во текстот.

## Цитирање на различни извори

### *Цитирање на книги*

Библиографската референца (одредница) за книги има неколку главни елементи:

- **презимето и името на авторот** - се пишува прво презимето на авторот, а потоа иницијалите од името. Никогаш пред презимето на авторот не се пишуваат титули.
- **насловот на делото** - насловот на делото се цитира целосно како што е напишано на насловната страница, а не на корицата од книгата.
- **информации за изданието** - се пишува градот во којшто е издадена книгата, по што следат две точки, па потоа се наведува целосното име на издавачката куќа, по што следи точка-запирка, а потоа се наведува годината на издавањето.

***Ако се работи за еден автор:***

- се пишува презимето на авторот па иницијалите од името

Георгиевска-Исмаил Љ. Асимптоматска миокардна исхемија. Скопје: Форум; 2000.

***Ако се работи за уредник на книга:***

- ако личноста што се јавува на насловната страница е уредник, а не автор, се додава запирка по насловот на делото и се впишува зборчето "***editor***" или "***уредник***".

Серафимоски В. Интерна медицина, уредник. Скопје: Македонска Ризница, 2003.

***Ако се работи за два и повеќе автори:***

- наведи ги имињата по редослед на јавување на насловната страница
- ако се повеќе од три автори, наведи ги сите или по првиот автор впиши: ***et al. (и други)***.

Јовковска-Ќаева Б и Арсовски А. Болести на плевра. Скопје: Просветно Дело АД; 2005.
Џекова-Стојкова С, Корнети П, Тодорова Б, Трајковска С. Биохемија. Скопје: Форум; 1999.
***односно***

Џекова-Стојкова С, и други. Биохемија. Скопје: Форум; 1999.

***Ако се работи за организација како автор:***

- наведи го прво името на организацијата

American College of Sports Medicine. Guidelines for exercise testing and prescription, 4$^{th}$ ed. Philadelphia: Lea&Fabiger; 1993.

***Ако се работи за наслов со поднаслов на книгата:***

- прво се пишува главниот наслов на книгата, се ставаат две точки и се наведува поднасловот.

Георгиевска-Исмаил Љ. Коронарна артериска болест: Превенција, дијагноза и третман. Скопје: Форум; 2004.

***Ако книгата има повеќе од еден волумен (том):***

- прво се пишува презимето и името на авторот (следено од презимето и иницијалите на другите автори, ако ги има), потоа следи насловот на волуменот (томот) на книгата, па бројот на томот, а потоа се пишува главниот наслов на повеќеволуменската книга и другите вообичаени податоци за издавачот.

Зафировска К. Инфекции на уринарниот систем. Том 2. Интерна медицина. Скопје: Македонска Ризница; 2003.

***Ако од книгата се цитира едно поглавје:***

- ***ако е од различен автор*:** прво се пишува презимето и името на авторот на поглавјето од книгатата (следено од презимето и иницијалите на другите автори, ако ги има), по што следи насловот на поглавјето. Потоа, се пишува зборчето "In" ("Во") и две точки по него, по што следи цитирање како за автор-и или уредник-ци на книга. На крајот се ставаат страниците од поглавјето.

Hansen B. New York City epidemics and history for the public. In: Harden VA, Risse GB, editors. Aids and the historian. Bethesda: National Institute of Health; 1991. p 21-8.

- ***ако е од ист автор*:** прво се пишува презимето и името на авторот на поглавјето од книгатата (следено од презимето и иницијалите на другите автори, ако ги има), по што следи насловот на книгата и податоците за издавачот и годината. На крајот се става насловот на поглавјето одвоен со точка-запирка од страниците на поглавјето.

Георгиевска-Исмаил Љ. Коронарна артериска болест: Превенција, дијагноза и третман. Скопје: Форум; 2004. Ризик фактори за коронарна артериска болест; стр 21-138.

***Ако книгата има повеќе изданија:***

- по насловот на книгата, секогаш, се означува за кое издание станува збор - "3$^{rd}$ ed", "4$^{th}$ ed"…

Cohn PF. Silent myocardial ischemia and infarction. 3$^{rd}$ ed. New York, NY:Marcel Dekker; 1993.

## *Цитирање на статии од списанија*

Библиографската референца (одредница) за списанија има неколку главни елементи (Табела 3):

- **презимето и името на авторот-ите** - се пишува прво презимето на авторот, а потоа иницијалите од името, следено од презимето и иницијалите на другите автори, ако ги има. Никогаш пред презимето на авторот не се пишуваат титули. Според CSE системот, ако има до 10 автори на написот се пишуваат сите имиња, но повеќето списанија бараат да се цитираат сите имиња на автори ако ги има само шест. Во случај кога има повеќе од шест (или 10 по CSE) се наведуваат првите три по редослед на јавување, а потоа се додава зборчето " et al" ( и други).
- **насловот на делото** - насловот на статијата се цитира целосно.
- **информации за списанието** - се пишува насловот на списанието и годината на издавањето, по што следи одвоено со точка-запирка волуменот на списанието, изданието или неговиот број во заграда, а потоа две точки и страниците. Меѓу податоците за изданието не се остава празен простор. Насловите на списанијата од доменот на медицината се пишуваат со кратеници цитирани во *Index Medicus* (National Library of Medicine).
- **ако се работи за online списание (од Интернет)** - задолжително се запишува адресата на Интернет страницата и датумот на пристапувањето кон неа.

**Табела 3.** Пример на цитирање на референци од списанија по CSE системот.

| | |
|---|---|
| **Од печатено научно списание** | Maron BJ. Hypertrophic Cardiomiopathy:A systemic review. JAMA 2002;287:1308-20. |
| **Од суплемент на научно списание** | Feindel W. Development of surgical therapy of epilepsy at the Montreal Neurological Institute. Can J Neurol Sci 1991;18(4 Suppl):549-53. |
| **Од магазин** | Gawande A. The man who couldn’t stop eating. New Yorker 2001 Jul 9:66-75. |
| **Од online списание** | Loker WM. "Campesinos" and the crisis of modernization in Latin America. Jour of Pol Ecol [serial online] 1996; 3(1). Available: http://www.library.arizona.edu/ej/jpe/volume_3/ascii-lokeriso.txt via the INTERNET. Accessed 1996 Aug 11. |
| **Цела web страница** | British Medical Journal [Internet]. Stanford, CA: Stanford Univ; 2004 July 10; Available from: http://bmj.bmjjournals.com/ |

### *Цитирање на дисертации или тези*

Библиографската референца (одредница) за дисертации или тези се цитира на следниот начин:

- Презиме и иницијал-и од авторот. Насловот на дисертацијата или тезата. Местото на Институцијата којашто ја дава титулата: Институцијата којашто ја дава титулата; Датумот на стекнување на титулата. Број на страници. Информации за достапноста. Информации за идентификација.

Mangie ED. A comparative study of the perceptions of illness in New Kingdom Egypt and Mesopotamia of the early first millennium [dissertation]. Akron (OH): University of Akron; 1991. 160 p. Available from: University Microfilms, Ann Arbor MI; AAG9203425.

### *Цитирање на апстракти од конгреси*

Библиографската референца (одредница) за апстракти од конгреси се цитира на следниот начин:

- Презиме и иницијали од авторот (следено од презимето и иницијалите на другите автори, ако ги има). Насловот на апстрактот [апстракт]. Во: Наслов на книгата на апстракти или конференцијата; Годината Месецот и Деновите на Конференцијата; Местото на Конференцијата. Местотот на издавањето: Издавач; Година на издавањето. Број на страници. Број на апстрактот (ако е достапен).

Willoughby E. A neglected treatise on headache [abstract]. In: Proceedings of the International Conference of the Auckland Medical Historical Society; 1994 Aug; Auckland, New Zealand. Auckland: Pyramid Press; 1995. p 419.

## Дополнителни Интеренет извори за консултации за темата:

- http://www.wisc.edu/writing/Handbook/DocCBE_CitSeq_Intext.html
- http://www.lib.duke.edu/libguide/cite/works_cited.htm
- http://writing.colostate.edu/guides/sources/cbe/popa1.cfm
- http://writing.umn.edu/sws/quicktips/documentation/CBE.htm